Бр. 12-1451/9
год. 22-11-2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава од вработени во Институт за стандардизација на РСМ, на 24-та седница одржана на ден 15 ноември 2019 година донесе

## **Одлука**

Во текот на постапувањето по предмет заведен кај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) под архивски број 12-1451 од 2019 година, кој е оформен по пријава број 12- 1451/1 од 13.03.2019 година доставена од вработени во Институт за стандардизација на РСМ, со наводи за сомневање за нерегуларен избор на директор на Институтот за стандардизација на РСМ и други наводи за неправилности, констатирано е дека *сомневањата се основани*, за што ДКСК, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, до Владата на РСМ ќе поднесе барање за преземање мерки од нејзина надлежност.

Постапката по предметот со број 12-1451 од 2019 година продолжува и ДКСК ќе ја заврши истата по добивање на известувањето за дејствијата и мерките кои се преземени по основ на доставеното барање на ДКСК.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1451 од 2019 година, е оформен по пријава со број 12- 1451/1 од 13.03.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од вработени во Институт за стандардизација на РСМ.

Во пријавата се содржани наводи за нерегуларен избор на директор на Институтот за стандардизација на РСМ и други наводи за неправилности. Станува збор за изразени сомневања во постапка за избор на директор на Институтот за стандардизација на РСМ спроведена по јавен оглас за директор распишан на ден 01.03.2018 година.

Кон предметот со број 12-1451 од 2019 година, по заклучок на ДКСК донесен на колегиум одржан на ден 14.11.2019 година, заради постапување и одлучување на ДКСК по предмети во единствена постапка, споен е предмет со број 12-3569 од 2019 година оформен по пријава број 12-3569/1 од 16.07.2019 година, од причини што се работи за предмети оформени по две, одделно доставени, пријави од различни подносители но, со исти предметни наводи против едно исто пријавено лице – директорот на Институтот за стандардизација на РСМ.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот и за утврдување на


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

целосната фактичка состојба за овој пријавен случај Државната комисија презема дејствија - достава на барања заради прибавување на податоци и информации до Институтот за стандардизација на РСМ и Британскиот совет во Северна Македонија, на кои кај ДКСК се примени одговори – писмена со кој се доставуваат бараните податоци и информации.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и преземените дејствија, ДКСК го констатира следното:

- предметниот избор на директор на Институтот за стандардизација на РСМ бил извршен по јавен оглас од 01.03.2018 година, објавен од Советот на Институтот за стандардизација на РСМ,

- во доставената пријава до ДКСК се наведува дека во постапката за избор на директор спроведена во врска со предметниот јавен оглас, еден од доставените документи бил невалиден, а тоа бил меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англиски јазик - кој бил потребен како услов кој требало да биде исполнет од страна на пријавените кандидати. Имено, во огласот било наведено дека кандидатите треба да поседуваат меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англиски јазик не постар од пет години, меѓу кои и БУЛАТС (BULATS) – најмалку 60 бодови,

- во пријавата по огласот, избраниот директор во приложената документација, во својство на пријавен кандидат, доставил и доказ за познавање на англиски јазик - Уверение издадено од Друштво за одржување на курсеви за странски јазици „Челинџ" ДООЕЛ Скопје, подружница Прилеп, со кое се потврдува дека тој со успех завршил ниво кое соодветствува на БУЛАТС – Б2 познавање на англиски јазик со освоени 67 поени, во согласност со европската јазична рамка (CEFR),

- во доставениот одговор од Британскиот совет во Северна Македонија, се известува дека тестот БУЛАТС е сопственост на Универзитетот Кембриџ, а во име на Универзитетот испитот се администрира од страна на Британскиот совет кој е овластен агент. Единствен овластен агент на територијата на Република Северна Македонија за испитот БУЛАТС бил Британскиот совет. Информацијата е достапна и на www.cambridgeenglish.org/exams-and-tests/bulats/bulats-agents. Самиот сертификат БУЛАТС за познавање на англиски јазик е со посебен формат и хартија што се добивала од страна на Универзитетот во Кембриџ.

- со оглед на погоре наведеното, постои сомневање дека уверението издадено од „Челинџ" ДООЕЛ Скопје, подружница Прилеп може да се смета за замена на сертификат БУЛАТС во однос на барањето определено во јавниот оглас за избор на директор на Институтот за стандардизација на РСМ.

Врз основа на вака констатираната фактичка состојба, ДКСК утврди дека наводите во пријавата за нерегуларен избор на директор, во однос на исполнувањето на условите за избор на директор на Институтот за стандардизација на РСМ, се основани, по што оцени, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, до Владата на РСМ да поднесе барање за преземање мерки од нејзина надлежност, а во насока на:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

- преиспитување на одлуката на Советот на Институтот за стандардизација на РСМ со бр. 02-411/2 од 29.03.2018 година, донесена за избор на директор на Институтот за стандардизација на РСМ и тоа во делот исполнувањето на еден од условите на огласот, односно на прифаќањето на уверението издадено од „Челинџ" ДООЕЛ Скопје, подружница Прилеп како замена за сертификат БУЛАТС кој се издава само од Британскиот совет во Скопје како овластен агент на Универзитетот во Кембриџ, а за која одлука Владата на РСМ донела решение за давање согласност бр. 24-3988/1 од 03.04.2018 година и
- врз основа на наодите од преиспитувањето на Одлуката на Советот на Институтот за стандардизација, Владата на РСМ да преземе мерки од својата надлежност во однос на извршениот избор на -------- --------, Директор на Институтот за стандардизација на РСМ.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 15 ноември 2019 година под бр. 12- 1451/9**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Биљана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk